Немој да се лутиш

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху: Некој човек му рекол на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: Советувај ме, па тој му рекол:„Немој да се лутиш." Човекот неколкупати го повторил прашањето а Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, секогаш му одговараше со: „Немој да се лутиш."

[رواه البخاري] [صحيح]

Еден од асхабите, радијаллаху анхум, бараше од Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, да го упати на некоја корисна работа, а тој му нареди да не се лути. Ова значи да се оддалечи од причините кои го водат кон лутината, и да се контролира себеси ако е налутен. Т.е. да не претерува со својата лутина па да убие некого, или да удри или да опцуе некого или нешто слично на тоа. Човекот неколкупати бараше совет, но Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, не додаде ништо друго од советите освен „Не лути се."

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4709